РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 03-815/1
18-08 2022 год.
СКОПЈЕ

ОКТА Рафинерија на ...
Акционерско друштво
Бр. 10-2252/22
18.08 2022 год.
Скопје 1

Архивски знак:
Рок на чување: 5 год.
18/08 2022 година
Потпис,

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен помеѓу:

1. **Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,** претставуван и застапуван од Ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски (во натамошниот текст: УКИМ) и

2. **ОКТА АД - Скопје**, застапувана од Главниот извршен директор Вук Радовиќ (во натамошниот текст: ОКТА)

**Член 1**

Со овој Меморандум се уредува начинот и условите за доделување на вкупно 5 (пет) стипендии за втор циклус студии на студиски програми одредени од страна на ОКТА, на 5 (пет) факултети при УКИМ: Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје; Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство; Природно - математички факултет - Скопје (Институт за хемија); Технолошко - металуршки факултет – Скопје, и Машински факултет - Скопје, (во понатамошниот текст: Факултети).

**Член 2**

Право на добивање стипендија ќе имаат кандидатите кои по првпат ќе се запишат на Факултетите на втор циклус едногодишни студии за учебната 2022/2023 година, во првиот уписен рок кој ќе се реализира согласно Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2022/2023 година, и кои ќе поднесат пријава по огласите за стипендии кои ги доделува ОКТА, а ќе бидат посебно објавени од страна на Факултетите.

Стипендии ќе бидат доделени на следните факултети:

- **1 (една) стипендија** на студент од **Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје** при УКИМ, секоја во износ од по 1.500 ЕУР (илјади и петстотини евра);
- **1 (една) стипендија** на студент од **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје** при УКИМ, во износ од по 1.800 ЕУР (илјада и осумстотини евра);
- **1 (една) стипендија** на студент од **Природно - математичкиот факултет - Скопје** при УКИМ, во износ од 1.500 ЕУР (илјада и петстотини евра);
- **1 (една) стипендија** на студент од **Технолошко - металуршки факултет – Скопје** при УКИМ, во износ од 1.950 ЕУР (илјада деветстотини и педесет евра).
- **1 (една) стипендија** на студенти од **Машински факултет – Скопје** при УКИМ, во износ од 2.000 ЕУР (две илјади евра).

**Член 3**

Студиските програми за кои ќе бидат доделени стипендиите од страна на ОКТА ќе бидат дополнително утврдени во договор со секој од Факултетите.

Доколку ОКТА не успее да избере соодветни кандидати за доделување на стипендиите на начинот утврден во член 2 од овој Меморандум, го задржува правото да изврши прераспределба на стипендиите на некој од Факултетите.



М. Михајловска

Соработката предвидена со овој Меморандум ќе се остварува согласно протоколите и договорите кои дополнително ќе се склучат помеѓу ОКТА и Факултетите.

**Член 4**

Селекцијата на кандидатите за стипендиите ќе ја прави секој Факултет посебно во соработка со ОКТА. Условите и критериумите врз основа на кои ОКТА ќе го врши доделувањето на стипендии, ќе бидат утврдени во огласите што ќе ги објави секој Факултет посебно, а со посредство на УКИМ.

**Член 5**

Износите на стипендиите, ОКТА ќе ги исплати на секој Факултет посебно, согласно протоколите и договорите кои дополнително ќе се склучат помеѓу ОКТА и Факултетите.

**Член 6**

Овој Меморандум може да се менува и дополнува само со писмена согласност на неговите потписници.

**Член 7**

Овој Меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување од двете страни.

**Член 8**

Меморандумот се склучува во 2 (два) еднообразни примероци на македонски јазик и 2 (два) еднообразни примероци на англиски јазик, од кои по 1 (една) копија на секој од јазиците за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** | **ОКТА АД - СКОПЈЕ** |
| **Проф. д-р Никола Јанкуловски** | **Вук Радовиќ** |
| **Ректор** | **Главен извршен директор** |